**20131403377**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на член 21 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија” број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11 и 123/12), министерот за животна средина и просторно планирање, во согласност со министерот за економија, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и министерот за здравство, донесе

## Н А Р Е Д Б А
## ЗА ЗАБРАНА НА ПРОМЕТОТ НА СРЕДСТВА ЗА ЛАДЕЊЕ ВО ЦИЛИНДРИ ЗА ЕДНОКРАТНА УПОТРЕБА

Член 1

Со цел превземање на мерки заради заштита на животот и здравјето на луѓето и на животната средина како и заради елиминирање на истекувањата на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка кои заостануваат во цилиндрите за еднократна употреба од средства за ладење по завршувањето на нивниот животен век со оваа наредба се забранува прометот на средства за ладење во цилиндри за еднократна употреба кои имаат само еден вентил за празнење на средството за ладење.

Член 2

Министерството за животна средина и просторно планирање, ги превзема неопходните мерки за спроведување на оваа наредба.

Член 3

Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2015 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 07-12183/4 | Министер за животна средина |
| 12 април 2013 година | и просторно планирање, |
| Скопје | **Абдилаќим Адеми**, с.р. |
| Бр. 02-18005/2 | Министер за земјоделство |
| 6 септември 2013 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | **Љупчо Димовски**, с.р. |
| Бр. 11-5302/1 | Министер |
| 27 септември 2013 година | за економија, |
| Скопје | **Ваљон Сараќини**, с.р. |
| Бр. 08-2809/3 | Министер |
| 20 август 2013 година | за здравство, |
| Скопје | **Никола Тодоров**, с.р. |